**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на прв циклус на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип во учебната 2026/2027 година**



**Штип, 2026 година**

**Конкурс за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во учебната 2026/2027 година**

## I. Број на студенти

На единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип во прва година на прв циклус универзитетски и стручни студии, за кои се стекнува универзитетска диплома или професионална диплома, во учебната 2026/2027 година ќе се запише следниов број студенти:

| ФАКУЛТЕТИ / СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на надоместок (ЕУР - годишно) | Редовни со кофинансирење | Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно) | Вонредни | Износ на кофинасирање (ЕУР - годишно) | **Вкупен број на студенти** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 68 | | 99 | | 22 | | **189** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Правни студии | 19 | 200 | 9 | 400 | 2 | 400 | **30** |
| Политички студии | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | **40** |
| Комуникациски студии и односи со јавноста (тригодишни студии) | 29 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | **49** |
| International Law and international relations * | / | / | 70 | 1500 | / | / | **70** |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 54 | | 68 | | 56 | | **178** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Меѓународна економија и бизнис | 28 | 200 | 10 | 400 | 18 | 400 | **56** |
| Менаџмент и маркетинг | 0 | 200 | 8 | 400 | 11 | 400 | **19** |
| Сметководство и ревизија | 10 | 200 | 10 | 400 | 11 | 400 | **31** |
| Финансии | 16 | 200 | 10 | 400 | 16 | 400 | **42** |
| Bussines Economic (тригодишни студии) | / | / | 30 | 1200 | / | / | **30** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ - ШТИП** | 12 | | 33 | | 18 | | **63** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Одделенска настава | 0 | 200 | 9 | 400 | 6 | 400 | **15** |
| Предучилишно воспитување | 6 | 200 | 10 | 400 | 2 | 400 | **18** |
| Историја - наставна насока | 5 | 200 | 5 | 400 | 4 | 400 | **14** |
| Педагогија | 1 | 200 | 9 | 400 | 6 | 400 | **16** |
| **ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | 22 | | 15 | | / | | **37** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Ballet pedagogy * | 10 | 200 | 5 | 400 | / | / | **15** |
| Балетска педагогија | 7 | 200 | 5 | 400 | / | / | **12** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Contemporary dance performance - (three year studies )* | 5 | 200 | 5 | 400 | / | / | **10** |
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | 55 | | 32 | | / | | **87** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Виолина | 3 | 200 | 1 | 400 | / | / | **4** |
| Гитара | 1 | 200 | 1 | 400 | / | / | **2** |
| Етнокореологија | 6 | 200 | 5 | 400 | / | / | **11** |
| Кларинет | 0 | 200 | 1 | 400 | / | / | **1** |
| Музичка теорија и педагогија | 19 | 200 | 10 | 400 | / | / | **29** |
| Пијано | 6 | 200 | 4 | 400 | / | / | **10** |
| Музичар изведувач – Саксофон | 0 | 200 | 1 | 400 | / | / | **1** |
| Музичар изведувач – Хармоника | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| Соло пеење | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| Флејта | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| Џез бас | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| Џез гитара | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| Џез пеење | 3 | 200 | 1 | 400 | / | / | **4** |
| Џез пијано | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| Џез саксофон | 3 | 200 | 1 | 400 | / | / | **4** |
| Џез тапани и перкусии | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | **3** |
| **ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА - ШТИП** | 6 | | 5 | | / | / | **11** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Класично сликарство | 6 | 200 | 5 | 400 | / | / | **11** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА - ШТИП** | 164 | | 209 | | 51 | | **424** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Компјутерско инженерство и технологии | 82 | 200 | 20 | 400 | 15 | 400 | **117** |
| Компјутерски науки | 63 | 200 | 20 | 400 | 18 | 400 | **101** |
| Математика – наставна | 19 | 200 | / | / | 18 | 400 | **37** |
| Computer Engineering and Technologies | / | / | 169 | 2000 | / | / | **169** |
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 100 | | 0 | | 42 | | **142** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Поледелство | 15 | 200 | / | / | 9 | 400 | **24** |
| Фитомедицина | 19 | 200 | / | / | 9 | 400 | **28** |
| Квалитет и безбедност на храна | 13 | 200 | / | / | 8 | 400 | **21** |
| Лозарство и винарство | 16 | 200 | / | / | 8 | 400 | **24** |
| СТРУМИЦА | | | | | | | |
| Градинарство | 19 | 100 | / | / | 3 | 400 | **22** |
| Растителна биотехнологија | 18 | 100 | / | / | 5 | 400 | **23** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ - ШТИП** | 109 | | 0 | | 50 | | **159** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Рударство | 19 | 200 | / | / | 9 | 400 | **28** |
| Геологија | 13 | 200 | / | / | 5 | 400 | **18** |
| Инженерство за заштита на животна средина | 12 | 200 | / | / | 4 | 400 | **16** |
| Дизајн на ентериер и мебел | 13 | 200 | / | / | 4 | 400 | **17** |
| **КАВАДАРЦИ** | | | | | | | |
| Индустриска логистика | 25 | 100 | / | / | 13 | 400 | **38** |
| Инженерство за заштита на животна средина | 10 | 100 | / | / | 5 | 400 | **15** |
| Компјутерски дизајн | 17 | 100 | / | / | 10 | 400 | **27** |
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 19 | | 0 | | 21 | | **40** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ШТИП | | | | | | | |
| Машински дизајн и производство | 11 | 200 | / | / | 12 | 400 | **23** |
| Мехатроника | 8 | 200 | / | / | 9 | 400 | **17** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ - ШТИП** | 58 | | 266 | | 95 | | **419** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Општа медицина | 0 | 200 | 0 | 400 | / | / | **0** |
| Општа медицина на англиски јазик* | / | / | 58 | 6000 | / | / | **58** |
| Дентална медицина | 0 | 200 | 24 | 400 | / | / | **24** |
| Дентална медицина на англиски јазик* | / | / | 39 | 5000 | / | / | **39** |
| Фармација | 5 | 200 | 40 | 400 | / | / | **45** |
| Фармација на англиски јазик | / | / | 40 | 5000 | / | / | **40** |
| Медицински лаборанти | 12 | 200 | 9 | 400 | 14 | 400 | **35** |
| Физиотерапевти | 0 | 200 | 9 | 400 | 25 | 400 | **34** |
| Акушерки | 15 | 200 | 10 | 400 | 17 | 400 | **42** |
| Медицински сестри/техничари | 12 | 200 | 19 | 400 | 9 | 400 | **40** |
| Забен техничар/протетичар | 5 | 200 | 10 | 400 | 18 | 400 | **33** |
| Оптометрија и очна оптика | 9 | 200 | 8 | 400 | 12 | 400 | **29** |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 94 | | 79 | | 105 | | **278** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Германски јазик и книжевност - наставна насока | 12 | 200 | 5 | 400 | 8 | 400 | **25** |
| Германски јазик и книжевност - преведување и толкување | 14 | 200 | 5 | 400 | 9 | 400 | **28** |
| Англиски јазик и книжевност - наставна насока | 3 | 200 | 10 | 400 | 9 | 400 | **22** |
| Англиски јазик и книжевност - преведување и толкување | 0 | 200 | 9 | 400 | 9 | 400 | **18** |
| Турски јазик и книжевност - наставна насока | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | **20** |
| Турски јазик и книжевност - преведување и толкување | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | **20** |
| Македонски јазик и книжевност - наставна насока | 16 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | **31** |
| Македонски јазик и книжевност - применета насока | 10 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | **25** |
| Италијански јазик и книжевност - наставна насока | 9 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | **24** |
| Италијански јазик и книжевност - преведување и толкување | 10 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | **25** |
| BA in English and French Studies* | / | / | 20 | 1000 | 20 | 1000 | **40** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА** | 217 | | 29 | | 83 | | **329** |
| ГЕВГЕЛИЈА | | | | | | | |
| Туризам и угостителство | 4 | 200 | / | / | 9 | 400 | **13** |
| Бизнис логистика | 0 | 200 | / | / | 7 | 400 | **7** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Туризам и угостителство | 26 | 100 | / | / | 9 | 400 | **35** |
| Хотелско – ресторански менаџмент | 28 | 100 | / | / | 9 | 400 | **37** |
| Бизнис логистика | 5 | 100 | / | / | 6 | 400 | **11** |
| Бизнис администрација | 17 | 100 | / | / | 9 | 400 | **26** |
| СКОПЈЕ | | | | | | | |
| Бизнис логистика | 53 | 100 | 19 | 400 | 9 | 400 | **81** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бизнис администрација | 36 | 100 | 10 | 400 | 6 | 400 | **52** |
| Туризам и угостителство | 21 | 100 | / | / | 9 | 400 | **30** |
| Хотелско – ресторански менаџмент | 27 | 100 | / | / | 10 | 400 | **37** |
| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 29 | | 20 | | 13 | | **62** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Електроенергетика и обновливи извори на енергија | 29 | 200 | 20 | 400 | 13 | 400 | **62** |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП** | 45 | | 15 | | 19 | | **79** |
| ШТИП | | | | | | | |
| Дизајн и технологија на текстил и облека | 15 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | **30** |
| Прехранбена технологија | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | **30** |
| Инженерство на материјали, технологии и иновации* | 10 | 200 | 5 | 400 | 4 | 400 | **19** |
| **ВКУПНО** | **1053** | **-** | **871** | **-** | **575** | **-** | **2499** |

**2499**

* Акредитацијата на овие студиски програми е во тек.
** Дополнителни критериуми за запишување на студиската програма се дефинирани во II. Услови и критериуми за запишување.

**НАПОМЕНИ:**

Универзитетот ја организира наставата во првиот циклус на студии на соодветните единиците надвор од своето седиште, во местото каде што се врши уписот, до добивањето на диплома за освоените 180 кредити. Универзитетот го задржува правото во одредени случаи да ја организира наставата за дополнителните 60 кредити од првиот циклус на студии во седиштето на единицата, за добивање на диплома за прв циклус на студии.

Во случај на предвидените студиски програми на единиците да се запишат помалку од 20 студенти, Универзитетот „Гоце Делчев“ го задржува правото да го распредели студентот на матичниот факултет или студентот да може да одбере друга активна студиска програма на која има слободни места. Исклучок се студиските програми кои по Конкурс имаат предвидено помали квоти од 20 студенти.

## II. Услови и критериуми за запишување

Право на запишување на прв циклус универзитетски и стручни студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, и тоа:

- кандидати завршени во учебната 2025/2026 **со државна матура**, **државна стручна матура, државна уметничка матура**
- кандидати завршени по учебната 2020/2021 **со државна матура**,
- кандидати завршени во учебната 2019/2020 **без државна матура**,
- кандидати **со завршена државна матура** пред учебната 2019/2020,
- кандидати **со завршено образование пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура**, како и

- кандидати со завршено четиригодишно средно образование **(со завршена меѓународна матура)**.

<u>**При пријавување на кандидатите за запишување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во онлајн апликацијата кандидатите можат селективно да ги набележат своите три можни приоритетни избори на студиски програми од различни единици кои се во рамките на Универзитетот.**</u>

**Пример:**

1. **Државна квота, Факултет А**
2. **Кофинансирање, Факултет А**
3. **Државна квота, Факултет Б**

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

На прв циклус на студии можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

Начинот на селекција и рангирање на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои конкурираат, и тоа:

a) на студиските програми без проверка на знаења и умеења на кандидатите, каде што селекцијата се врши само според успехот од средното образование (успехот од средното образование за кандидатите без матура, односно успехот од средното образование и матурата за кандидатите со положена матура) кој учествува со 100%, односно по таа основа можат да се добијат најмногу 100 поени, и

b) студиски програми со проверка на знаења и умеења на кандидатите), каде што селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (успехот од средното образование за кандидатите без матура, односно успехот од средното образование и матурата за кандидатите со положена матура) кој учествува со 40% (40 поени) и успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатот, кој учествува со 60% (60 поени);

   На крај на овој конкурс **е дадена листа на студиските програми со проверката на знаењата и умеењата на кандидатите (листа 1).**

c) Од учебната 2026/2027 во зависност од видот на матурата кој го имаат положено кандидатите можат да вршат избор на студиски програми според соопштението објавено на 25.12.2025 година на следниот линк:
   https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2025/12/ugd-drzhavna-struchna-matura-pregled-so-profili-i-uchilishta.pdf

   Листа на екстерни предмети и интерни предмети од државна матура соодветни за пријавување за запишување на студиските предмети на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип за кандидатите што полагале матура во учебната 2025/2026:
   https://www.ugd.edu.mk/wp-content/uploads/2025/12/ugd-lista-na-ekstterni-i-interni-predmeti.pdf

Основен критериум за селекција и рангирање на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Во зависност од видот на студиската програма, дополнителен критериум за селекција е проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.

Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени, односно 40 поени** за оние што имаат проверката на знаењата и умеењата.

**<u>Дополнителни критериуми за студиска програма по Општа медицина</u>**

По одлука бр. 2002-167/67 од 07.06.2022 г. од Наставно-научниот совет на Факултет за Медицински науки се дефинираат критериуми за упис на студенти на студиската програма по **Општа медицина**, и тоа:

- Во уписните рокови да се прифаќаат само документи ка кандидати кои имаат **најмалку 80 бода по сите основи** (успех од четири години завршено средно образование и успех од положена матура);
- Истите критериуми важат и за странските студенти.

**<u>Дополнителни критериуми за студиските програми по Општа медицина, Дентална медицина и Фармација</u>**

- За Факултетот на Медицински науки се дефинираат критериуми за упис на кандидати кои немаат државна матура на студиската програма по Општа медицина, Дентална медицина и Фармација на македонски јазик во учебната 2026/27 година, и тоа:
    - Се спроведува приемен испит по предметите хемија и биологија (во текот на уписните рокови);
    - При рангирањето да се засметуваат освоените бодови од успехот во четиригодишното средно образование (максимум 60 бода) и освоените бодови од спроведениот приемен испит по предметите хемија и биологија (максимум 40 бода) по 40 прашања од двата предмета, секое прашање да носи по 0,5 бода – вкупно максимум 40 бода.

## 1. Студиски програми без проверка на знаења и умеења на кандидатите, каде што селекцијата се врши само според успехот од средното образование

### 1.1. <u>Државна матура</u>

1.1.1. Успех од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| |
|---|
| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени) |

1.1.2.Успех постигнат на државната матура

Кон оценката од секој екстерен предмет **($E_1$ и $E_2$)** се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) поделен со 20. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за екстерните предмети **(а).**

Оценките од интерните предмети се собираат помножени со фактор 1,6. По оваа основа може да се добијат најмногу 16 поени (б).

Оценката добиена на **проектната задача** (**П**) се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени (в).**

**(а) = ($Е_1$ + $ПР_1$/20) + ($Е_2$ + $ПР_2$/20) = најмногу 20 поени**

**(б) = И1*1,6 + И2*1,6 = најмногу 16 поени**

**(в) = П X 0,8 = најмногу 4 поени**

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени (а+б+в).**

### 1.2. Без матура

На студиските програми каде што селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати без матура),** бодирањето се врши на следниов начин:

1.2.1. Успехот од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **20.** По оваа основа може да се добијат најмногу **100 поени**.

**просечна оценка X 20 = најмногу 100 поени**

(пример со просек 5,00: 5 х 20 = 100 поени)

### 1.3. Меѓународна матура

1.3.1. Успех од средното образование

Бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12.** По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени**

(пример со просек 5,00: 5 х 12 = 60 поени)

1.3.2. Успех постигнат на меѓународната матура

Секоја оценка од шесте предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со **коефициент 1,2**. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени** (б).

Оценката добиена на матурската тема се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени** (в).

Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

$а_1$ = 1 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
$а_2$ = 2 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
$а_3$ = 3 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
$а_4$ = 4 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
$а_5$ = 5 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
$а_6$ = 6 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени

**б = збир $а_1$+ $а_2$ +...$а_6$ = најмногу 36 поени**

**в = матурска тема X 0,8 = најмногу 4 поени**
**б+в = најмногу 40 поени**

(пример со просек 5,00: (5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x1,6)+(5x 0,8) = 40 поени)

2. **Студиски програми со проверка на знаења и умеења на кандидатите, каде што селекцијата се врши според успехот од средното образование (кандидати без или со матура) и проверката на знаењата и умеењата на кандидатот**

На факултетите каде се врши проверка на знаењата и умеењата бодовите од успехот од средното образование со или без матура, поените од успехот од средното образование се добиваат според точка 1. Вкупниот добиен збир по оваа основа се множи со **коефициент 0,4.** По оваа основа може да се добијат најмногу 40 поени.

**Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши на следниов начин:**

На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според успехот од средното образование кое учествува со 40% и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите, кое учествува со 60%.

Проверка на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од 0 до 60 поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку 10 поени.

Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

**Проверка на знаењата и умеењата ќе се спроведува на следниве факултети:**

А. Музичка академија
Б. Ликовна академија
В. Филмска академија
Г. Факултет за образовни науки
Д. Факултет за медицински науки

**Студиските прогрсами за кои се врши проверка на знаењата и умеењата се дадени во прилог на Конкурсот - Листа 1**

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип формира конкурсни комисии за секоја единица. На **Музичката академија**, **Филмска академија, Ликовната академија** и **Факултет за медицински науки** се формира Комисија за проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. На **Факултетот за образовни науки** се формира Комисија за проверка на психофизички способности.

2. Реализацијата на Конкурсот ќе ја следи Универзитетска конкурсна комисија, која се грижи за доследно почитување на одредбите од Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, одлучува по приговорите на прелиминарната ранг-листа и донесува решение за прием.

3. Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.

4. Конкурсните комисии на огласната табла и на веб-страницата на Универзитетот ги објавуваат поените од средното образование (среден успех) и резултатите од проверката

на знаењата и умеењата на **Музичката академија**, **Филмска академија**, **Ликовната академија и Факултет за медицински науки**. Кандидатот има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

5. По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Приговорот се однесува само на технички пропусти и грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Универзитетската конкурсна комисија преку пополнет образец на prigovori@ugd.edu.mk. Повеќе информации можат да се најдат на сајтот на Универзитетот во делот за уписи.
   Решението на Универзитетската конкурсна комисија е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

   По истекот на роковите за поднесување на приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија објавува решение за прием на студенти за секоја единица на Универзитетот одделно (конечна ранг-листа), врз основа на која се врши запишување на студенти.

6. На студиските програми на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места се врши запишување во втор и трет уписен рок.

7. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати) факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од пет, предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма.
   Доколку во вториот уписен рок се повтори истата ситуација, се примаат онолку кандидати колку што е утврдено со Конкурсот, а предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува факултетот – носител на студиската програма.

## IV. Запишување редовни студенти

8. Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање надоместок во износ од 200 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РСМ, студентите во квотата за кофинансирање се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РСМ. Вонредните студенти се запишуваат со плаќање надомест во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РСМ. Плаќањето се врши во четири еднакви рати на почетокот и на крајот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.

9. **Ослободување од плаќање на партиципација** за студирање во првата година од студиите во студиската 2026/2027 г. е можна за запишани во прв уписен рок како редовни студенти во државна квота, рангирани според постигнат успех од средно образование, кој не треба да е под 80 поени:

- **Факултет за медицински науки** – најдобрите 20 рангирани кандидати
    - 10 на студиската програма Општа медицина
    - 5 на студиската програма Фармација
    - 5 на студиската програма Дентална медицина
- **Факултет за информатика** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Земјоделски факултет** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Факултет за природни и технички науки** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Економски факултет** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Правен факултет** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Факултет за туризам и бизнис логистика** - најдобрите 10 рангирани кандидати
- **Електротехнички факултет** - најдобрите 5 рангирани кандидати
- **Машински факултет** - најдобрите 5 рангирани кандидати
- **Технолошко-технички факултет** - најдобрите 5 рангирани кандидати
- **Факултет за образовни науки** - најдобрите 5 рангирани кандидати
- **Музичка академија** - најдобрите 5 рангирани кандидати
- **Ликовна академија** - најдобрите 2 рангирани кандидати
- **Филмска академија** - најдобрите 2 рангирани кандидати

Ослободувањето од партиципација не се однесува на кандидати што завршиле средно образование пред учебната 2007/2008 и не полагале државна матура.

- **Филолошки факултет**
    - Сите студенти запишани во прв, втор и трет уписен рок како редовни студенти во државна квота на студиската програма Македонски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност и Турски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, и тоа:
    - Македонски јазик и книжевност
        - Наставна и применета насока: Се ослободуваат сите запишани студенти
        - Се ослободуваат од плаќање партиципација и сите активните студенти на овие насоки во погорните години на студирање
    - Германски јазик и книжевност
        - Наставна и преведување и толкување: За најдобрите 5 кандидати по насока
    - Турски јазик и книжевност
        - Наставна и преведување и толкување: За најдобрите 5 кандидати по насока
    - Италијански јазик и книжевност
        - Наставна и преведување и толкување: За најдобрите 5 кандидати
        - Преведување и толкување: За најдобрите 5 кандидати
    - Англиски јазик и книжевност
        - Наставна и преведување и толкување : За најдобрите 10 кандидати по насока

- **Членови на спортските клубови** кои се дел од спортските екипи кои го носат името на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ќе бидат ослободени од плаќање партиципација за првата година од студиите на прв циклус.

10. Универзитетот нема да наплатува партиципација за:

- **лица без родители** помлади од 26 години, доколку се невработени;
- **лица со инвалидност**, согласно уредбата на Владата
- **воени инвалиди**;
- **лица растени во домови за напуштени деца**, доколку се невработени

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

- Студентите од **ромска националност**, кои ќе се запишат во учебната 2026/2027 година се ослободени од партиципација за прв и втор семестар согласно проектот на Владата на Република Северна Македонија. Останатите трошоци за студирање се на товар на студентите.

  Припадниците на **безбедносните сили**, **децата на загинат** (во вооружени дејствија) или **починат** (смрт што настапила како директна последица од рана или повреда стекната во текот на вооружените дејствија) припадник на безбедносните сили, утврдени со одредбите од член 2 и член 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства („Сл. весник на СРМ" бр. 2/2002, 17/2003 и 30/2004 и 66 од 31.05.2007), во учебната 2026/2027 година ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу 10% од вкупниот број студенти на соодветна студиска програма.
  Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

## V. Запишување вонредни студенти

11. Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат потпишано изјава во која се наведува причината за вонредното студирање под целосна лична одговорност.

12. Вонредни студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

## VI. Запишување на студенти со кофинансирање

13. На Универзитетот, како редовни студенти на одделните студиски програми, се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.

14. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РСМ.
    За студентите кои плаќаат надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 400 евра плаќањето се врши во 4 (четири) еднакви рати на почетокот и на крајот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.
    За останатите плаќањето се врши во две еднакви рати на почетокот од секој семестар.

15. Надоместокот за кофинансирање на студиите за студентите запишани на студиската програма:
    - **Општа медицина на англиски јазик** на Факултетот за медицински науки изнесува 6000 евра за една академска година;
    - **Фармација на англиски јазик** на Факултетот за медицински науки изнесува 5000 евра за една академска година;

- **Дентална медицина на англиски јазик** на Факултетот за медицински науки изнесува 5000 евра за една академска година;
- **International Law and international relations** (четиригодишни студии) на Правен факултет изнесува 1500 за една академска година;
- **Computer Engineering and Technologies** на Факултет за информатика изнесува 2000 за една академска година;
- **Bussines Economics** (тригодишни студии) на Економски факултет изнесува 1200 евра за една академска година.

16. **<u>Дополнителни критериуми за сите студиски програми на англиски јазик</u>**
Надоместокот за кофинасирање се врши во две еднакви рати на почетокот од секој семестар.

17. **<u>Дополнителни критериуми и потребни документи за студиските програми по Општа медицина на англиски јазик , Дентална медицина на англиски јазик и Фармација на англиски јазик</u>**

За студиските програми **Општа медицина на англиски јазик, Дентална медицина на англиски јазик** и **Фармација на англиски јазик**, се потребни следните документи:

- Апликација / електронска пријава за конкурс за сите уписни рокови;
- Уплата од 100 евра за пријавување;
- Потребни документи за упис на примени кандидати **мора** да бидат преведени на македонски јазик и заверени на нотар:
  - CV на англиски јазик и фотографија;
  - Извод од матична книга на родени;
  - Фотокопија од пасош / лична карта;
  - Свидетелства и диплома од средно образование;
  - Мотивационо писмо;

Кандидатите кои нема да достават комплетна документација, нема да бидат земени во предвид за упис;

- За студиската програма по **Општа медицина на англиски јазик, Дентална медицина на англиски јазик** и **Фармација на англиски јазик,** ќе се спроведе приемен испит со физичко присуство или електронски / online по предметите **Хемија** и **Биологија** во предвидените три уписни рокови;
- Тестот по **Хемија** и **Биологија** се состои од по 60 прашања со понудени одговори (еден точен одговор) - едно прашање носи 0,5 бода. Максимум 100 бода.
  - 30 бода од тестот по Хемија и 30 бода од тестот по Биологија, вкупно 60 бода;
  - од постигнат успех во средно образование 40 бода;
  - кандидатите ќе бидат рангирани по успех.

- Упис на примените кандидати во период од 15ти до 30ти септември.

18. Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува Универзитетската конкурсна комисија врз основа на ранг-листа.

19. Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VII. Кандидати со завршено средно образование во странство

**а) Странски државјани**

20. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот, **најмногу 30%** од квотата за упис на студенти за секоја студиска програма на Универзитетот на студиските програми на македонски јазик.

21. Странски државјанин кој планира да аплицира на студиските програми на македонски јазик, задолжително треба да посетува подготвителна настава за македонски јазик организирана од Институтот за јазици, во траење од една година.
Подготвителната настава по македонски јазик не е обврзувачка за кандидатите од Србија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија. Познавањето на македонскиот јазик, тие треба да го докажат со полагање на испит во Институтот за јазици при Универзитетот.
Универзитетот издава потврда дека кандидатот е запишан на подготвителна настава по македонски јазик на Универзитетот.
За странските државјани, Институтот за јазици при Универзитетот, организира дополнителни курсеви по македонски и англиски јазик.
Пријавувањето за подготвителната настава по македонски јазик и курсевите по македонски и англиски јазик е online на https://eupisi.ugd.edu.mk.

22. На странските државјани кои се пријавуваат на студиски програми на англиски јазик на: Музичка академија, Филмска академија и Факултетот за медицински науки им се врши проверка на знаењата и умеењата.

23. Надоместокот за плаќање на студиите кои се реализираат на македонски јазик за странските редовни студенти за учебната 2026/2027 година изнесува 1000 евра (во денарска противвредност) за една година на сите единици, освен на Факултетот за медицински науки, каде што за една година се наплаќа 1500 евра (во денарска противвредност) и 100 евра (во денарска противвредност) за лабораториски трошоци за секоја студиска година.

24. Во оваа категорија влегуваат и кандидатите странски државјани чии родители или пак тие работат во дипломатските претставништва во Република Северна Македонија.

**б) Иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование и со дел на средното образование во странство**

25. Кандидатите, државјани на РСМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишуваат надвор од квотата, најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет.

## VIII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РСМ

26. За обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Р. Северна Македонија, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број изнесува најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население во Република Северна Македонија.

На студиските програми, кои освен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се застапени и на Универзитетот во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

## IX. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеење* и запишување

| РОКОВИ ЗА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ 2025/2026 ГОДИНА | I УПИСЕН РОК | II УПИСЕН РОК | III УПИСЕН РОК |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **19, 20, 21 август** | **3 и 4 септември** | **16 и 17 септември** |
| Објавување на прелиминарни резултати | **26 август** | **11 септември** | **23 септември** |
| Приговори на прелиминарни резултати | **27 август** | **14 септември** | **24 септември** |
| Објавување на решение за прием на кандидатите | **31 август** | **15 септември** | **25 септември** |
| Запишување на кандидатите | **1, 2 и 3 септември** | **16 и 17 септември** | **28 и 29 септември** |

* Проверката на знаења и умеења ќе се врши во организација на факултетите дефинирани во Листа 1, во контакт со кандидатите.

## X. Документи за пријавување и запишување

Пријавувањето и запишување на Универзитетот ќе биде организирано онлајн.

Кандидатите поднесуваат/креираат електронска апликација со лични податоци и податоци од средното образование во https://eupisi.ugd.edu.mk/. Во рамките на електронската апликација ги плаќаат (електронски) и трошоците за пријавување:

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ДРЖАВЈАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

- На студиски програми на македонски јазик на кои **НЕ СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
  - 300 денари на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација), и
  - 50,00 денари административна такса (приходна шифра ТМ во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- На студиски програми на македонски јазик кои **СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
  - 500 денари на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација), и
  - 50,00 денари административна такса (приходна шифра ТМ во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- Во случај на уплата преку институции за ПП (банки, пошти), спомнатите уплати се приложуваат заедно со останатите документи:
  - Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип 100000000063095
  - Сметка на корисник 1600160330-788-18
  - Приходна шифра 723019
  - Програма 44
  - Образец ПП-50

Потребни документи се:

- Пријава за упис која се генерира од апликацијата за упис,
- Свидетелства од 4-те години средно образование + диплома (државна матура, меѓународна матура, без матура),
    - Се доставуваат оригинални документи (не копирани документи заверени кај нотар)
    - Свидетелствата и дипломата стекнати во странство треба да бидат нострифицирани.
- Извод од матичната книга на родените;
- Доказ за државјанство на РМ (уверение или решение, не постар од 6 месеци).
- Лицата со посебни права да ги достават дополнителните документи според конкурсот (IV-10)

Заинтересираните кандидати по поднесувањето/креирањето на електронска апликација мора да ги достават документите до сите студиски центри, односно во **Штип, Струмица, Скопје, Кавадарци и Гевгелија** според дефинираните термини и локации на сајтот на Универзитет Гоце Делчев – Штип.

Примените кандидати кои ги има на конечни решенија за прием на: https://upisi.ugd.edu.mk, се запишуваат електронски, преку модулот за пријавување и запишување: https://eupisi.ugd.edu.mk.

Детални информации се истакнати на сајтот на универзитет Гоце Делчев – Штип.

Студенти со македонско државјанство може да се запишат на студиските програми на англиски јазик според дефинираните критериуми за студиската програма.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Кандидатите поднесуваат/креираат електронска апликација со лични податоци и податоци од средното образование на https://eupisi.ugd.edu.mk. Во рамките на електронската апликација ги плаќаат (електронски) и трошоците за пријавување:

### Студиски програми на македонски јазик

- Електронска пријава https://eupisi.ugd.edu.mk.
- На студиски програми на македонски јазик на кои **НЕ СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
    - 300 денари на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација), и
    - 50,00 денари административна такса (приходна шифра ТМ во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- На студиски програми на македонски јазик кои **СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
    - 500 денари на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација), и
    - 50,00 денари административна такса (приходна шифра ТМ во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- Во случај на уплата преку институции за ПП (банки, пошти), спомнатите уплати се приложуваат заедно со останатите документи:
    - Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип 100000000063095
    - Сметка на корисник 1600160330-788-18
    - Приходна шифра 723019
    - Програма 44
    - Образец ПП-50

- Решение за нострификација на дипломата за завршено средно образование издадено од Министерството за образование и наука во Република Северна Македонија (Оригинален документ);
- Диплома за завршено средно образование (апостил печат на дипломата за земјите-потписнички на Хашката конвенција, а за останатите печат од Министерството за надворешни работи од земјата каде е издадена дипломата), (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач);
- Свидетелства за секоја завршена година (Транскрипт), (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач за секоја година);
- Извод од матичната книга на родените (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач);
- Државјанство; оригинал и судски превод (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач);
- Копија од првата страница на пасошот;
- Сертификати за познавање на македонски јазик за А1, А2 и Б1 ниво/потврда за познавање на македонски јазик за студентите од Србија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија (Оригинален документ).

**<u>Студиски програми на англиски јазик</u>**

- Електронска пријава на https://eupisi.ugd.edu.mk.
- На студиски програми на англиски јазик, на кои **НЕ СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
    - 50 евра во денарска противвредност на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- На студиски програми на англиски јазик, на кои **СЕ** врши проверка на знаења и умеења:
    - 100 евра во денарска противвредност на жиро-сметка на Универзитетот (приходна шифра 723019 во електронското плаќање при креирање на електронска апликација)
- Во случај на уплата преку институции за ПП (банки, пошти), спомнатите уплати се приложуваат заедно со останатите документи:

За студиски програми на англиски јазик:

- Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип 100000000063095
- Сметка на корисник 1600160330-788-18
- Приходна шифра 723019
- Програма 44
- Образец ПП-50

- Решение за нострификација на дипломата за завршено средно образование издадено од Министерството за образование и наука во Република Северна Македонија (Оригинален документ);
- Диплома за завршено средно образование (апостил печат на дипломата за земјите-потписнички на Хашката конвенција, а за останатите печат од Министерството за надворешни работи од земјата каде е издадена дипломата) (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач);
- Свидетелства за секоја завршена година (Транскрипт) (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач за секоја година);
- Извод од матичната книга на родените (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач);
- Државјанство; оригинал и судски превод (Оригинален документ и оригинален превод на македонски јазик од овластен судски преведувач);
- Копија од првата страница на пасошот;

- Сертификат за познавање на англиски јазик – ова не е потребно доколку кандидатот го изучувал англискиот јазик 4 години во текот на средношколското образование.

Странските студенти, документите ги поднесуваат лично во Студентска служба за интернационални студенти, Бул. Крсте Мисирков“ Бр.10-А P.O. Box 201, Штип (Зградата на Правен факултет).

## XI. Префрлување од друг универзитет и промена на статус

Студентот запишан на една студиска програма на некоја од студиските програми на Универзитетот како редовен, во текот на студирањето може да го промени својот статус и тоа:

- Редовен студент во државна квота во кофинансирање или вонредно студирање или на друга студиска програма со ист статус
- Не е дозволено префрлување од кофинансирање или вонредно студирање во државна квота.

За премин од друг универзитет на универзитет Гоце Делчев потребно е да се поднесе Барање од студентот, со доказ за уплата на административна такса и уплата со цел на дознака премин друг универзитет на УГД или директна уплата во електронскиот систем, и поднесување на Уверение за положени испити. Ова се однесува и за префрлување на студиските програми на англиски јазик.

Префрлувањето може да се направи на следниот линк: https://eupisi.ugd.edu.mk.

***<u>Листа 1</u>*: Студиски програми за кои се врши проверка на знаења и умеења**

***Музичка академија***

*Оддел за Дипломиран музички теоретичар и музички педагог*
*Оддел за Дипломиран етнокореолог*
*Оддел за Дипломиран музичар изведувач*
*Оддел за Дипломиран џез музичар*

***Ликовна академија***

*Класично сликарство*

***Филмска академија***

*Современ танц*
*Современ танц (на англиски јазик***)**

***Факултет за медицински науки***

*General medicine*
*Dental medicine*
*Pharmacy*
Општа медицина, Дентална медицина и Фармација - со завршено образование пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура

***Студиски програми за кои се врши проверка на психофизички способности***
***Факултет за образовни науки***

*Одделенска настава*
*Предучилишно воспитување*
*Педагогија*
*Историја и археологија*

***Детални информации за содржините и начинот на тестирањето може да се најдат на веб страната на универзитетот.***

КОНКУРСОТ Е ОБЈАВЕН НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА

www.ugd.edu.mk/